Република Северна Македонија
ЗАТВОР СТРУМИЦА
Бр. 03-43/1
14.01. 2026 год.
СТРУМИЦА

# Годишна програма за работа на ЗАТВОР СТРУМИЦА за 2026 година

Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
Управа за извршување на санкциите
КПУ ЗАТВОР СТРУМИЦА

СОДРЖИНА:

1. *Вовед*
2. *Извештај за 2025 година*
   - *Извршени поправки*
   - *Активности на сектор за ресоцијализација*
   - *Структура на осудени лица*
3. *Просторни,човечки и финансиски ресурси*
4. *Организациона поставеност на вработени*
5. *Сектор за ресоцијализација*
   а) *практична обука на осудени лица*
6. *Затворска полиција*
7. *Управно извршен и финансиски сектор*
8. *Соработка со надворешни партнери*
9. *План за тековни поправки и потреби за 2026година*

## 1. Вовед

Затвор Струмица постои од 1978 година. Во текот на своето работење од Општински Затвор, во периодот од 1993 до 2008 година преминува и функционира како Отворено одделение на Затвор Штип, за да од 2008 година се регистрира како самостоен субјект-Затвор Струмица.

Според степенот на обезбедување, степенот на ограничување на слободата и видовите на третман што се применуваат спрема осудените лица Затворот Струмица е казнено-поправна установа од полуотворен вид во која основното обезбедување е физичкото што го остваруваат припадниците затворска полиција .

Согласно Решение на Министерот за правда за распоредување на осудени и притворени лица од 16/01/2020година Сл. Весник број 10 казната затвор ја издржуваат:

- а) машки лица-примарни сторители, осудени со правосилна пресуда на казна затвор до 3 години .
- б) машки лица повторници, осудени со правосилна пресуда на казна затвор до 1 година .

## 2. ***Извештај за извршени поправки во 2024година***

Во 2025 година беа изведени следните градежни работи односно поправки и одржување .

- Надградба на видео надзор.
- Набавка на горилници и систем за регулирање на парните котли.
- Санација на системот за затоплување ( парни котли, цевки .)
- Набавка на прибор на храна на осудените лица
- Набавка на сточен фод ( женско теле )
- Сервисирање и поправка на службените возила .
- Чистење на септичките јами и одводниот канал .
- Потпишување на меморандуми за соработка со 7 државни институци .
- Потпишување договори за работа во приватна фирми вкупно 26 и строга контрола на осудените кои се работно ангажирани од кои двајца се сопрени од работа и раскинати договорите .
- Покренати дисциплински мерки за осудените лица вкупно __________?
- Изградба на ограден ѕид од бетонски цигли со вкупна должина од 80м и висина од 3м
- Изградба на сигурносни врати од метал со вкупна должина од 15м и висина од 3м
- Реновирање на работни простории
- Комплетно реновирање на просторија за посети и училница
- Набавка на нов индустриски шпорет за потребите на кујата
- Поставување на дополнително светло за осветлување на дворното место
- Пренамена на спални соби во соби за изолација и физички оделување од остатокот од спалните соби .

- ***<u>Извештај за реализирани активности во сектор за ресоцијализација</u>***

Согласно предвидениот план за работа во 2025 година реализирани се следните активности:

- Одржување на сите предвидени конференциски средби
- Одржување на заеднички состаноци со сите служби
- Одржување на дисциплинска комисија по потреба
- Редовно држење на состаноци на стручен тим
- Посета од страна на верски преставници за време на големите празници
- Организирана претстава во дом на култура Струмица
- Отпочнување на образовен процес ( дообразование ) ССС.

- ***<u>Структура на осудени лица примени во 2025 година</u>***






## 3. Просторни и човечки ресурси

### Просторни услови

Предвидениот капацитет на Затвор Струмица е за 80 осудени лица.

Затвор Струмица функционира преку отворено и полуотворено одделение. Затворот располага со една зграда во форма на буквата Г односно две крила, од кои во едното крило е сместена управата на Затворот, а во другото крило се сместени спалните соби и тоа:

- 2 простории со по 4 кревети и тоалет за болни и стари лица на приземје
- 2 простори за издржување на мерка самица
- 2 простори за приемно и изолација
- 17 спални соби
- 3 тоалети на први кат
- 1 бајна

На приземје се наоѓа:

- бајна
- WC
- просторија за здравствен преглед на осудени лица,
- трепезарија,
- кујна,
- училница односно просторија за слободно време,
- магацински простор за храна
- просторија за служба за обезбедување (дежурана)
- просторија за заповедник

Во приземје се наоѓа и делот со две простории-за **изолација/самици со вкупно 7 кревети и тоалети 2 во истите простории,** каде се сместуваат лица донесени по потерница, спровод или лица кои се казнуваат дисциплински.

Од помошни простории во кругот на затворот има магацински простор и надвор од кругот авто-механичарска работилница.

**Бројната состојба на 01/01/ 2025 година е 91 активни и 14 бегство 1 Прекин вкупно 106 осудени лица.**

***Од погоре наведеното може да се заклучи дека во затворот не постојат реални услови за функционирање на приемно/затворено одделение, физичко раздвојување на осудени по направена класификација во отворено и полуотворено и затворено одделение , како ни услови за одделување на примарните сторители од повратници.***

## Човечки ресурси

Согласно Правилник за систематизација на работни места и Правилник за внатрешна организација на работни места во КПУ Затвор Струмица според Закон за административни службеници и УИС работни места се:

1. Именувани лица: Директор-1, Заминик Директор -1

| Сектори /одделенија | Предвиден број на работни места | Пополнети работни места | Стручно образование | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Средно | VIстепен | VIIстепен |
| Ресоцијализација | 1 | / | | | |
| Одделение за третман | 11 | 5 ( + 1 во мирување ) | 2 | | 3 |
| Стопанско инструкторско одделение | 3 | / | / | / | / |
| Одделение за општи и правни работи | 5 | 3 | 1 | / | 2 |
| Одделение за финансиски прашања . | 4 | 3 | 1 | / | 2 |
| Затворска полиција | 26 | 13 | 11 | | 2 |

Предвидено е сите вработени активно да земаат учество на сите понудени обуки од страна на УИС со цел зајакнување на професионалните капацитети.

## 4. Организациона поставеност на вработените




Работата во затворот ја организира и со него раководи Директорот.

Заменикот директор го заменува директорот .

Работата во секторите ја организира раководител на секторот пред кој одговараат раководителите на одделенијата и останатите вработени, додека раководителот на сектор одговара за својата работа пред директорот.

## 5. Сектор за ресоцијализација

Во секторот за ресоцијализација има вработено:

- 1 Помлад соработник за индивидуален и групан третман со осудени лица.
- 1 Виш соработник за индивидуален и групан третман со осудени лица.
- 2 Референт за прием и отпуст на осудени лица
- 2 Инструктор по земјоделие од кој 1 во мирување

Почитувајќи ги основните начела на Секторот за ресоцијализација базирани заради остварување на воспитен процес и координирање на работите на воспитувањето, образованието и оспособувањето на осудените лица, работата на секторот за ресоцијализација е организирана на начин што осудените лица со доаѓање во затворот се утврдува неговиот идентитет и се фотографира и дактилоскопира, им се отвара Личен лист /лично досие/ од страна на референтот за прием и отпуст, од каде се упатуваат во приемно одд. всушност го започнуваат приемниот период.

По сместувањето во некоја од спалните и задолжување на осудените со прибор за лична хигиена и постелнина тие минуваат низ приемен период од 20 дена, а во првите неколку дена од приемот го обавуваат својот прв разговор со воспитувач кога се оформува и Стручното досие, се пополнува Инструментот за проценка на ризик. Врз основа на опсервацијата за време на престојот во приемно одделение, проценката на ризик, личното досие, судската документација, други добиени сознанија од МВР, суд и други органи, како и од увидите и сознанијата од персоналот со кој остварил контакт, осудениот се класифицира и му се определува програмата за работа.

Стручното досие се оформува-пополнува по новите добиени програми за осудени лица и ревидирани содржини на стручното досие. Понатамошната динамика на водење разговори со осудените лица ја одредува воспитувачот врз основа на добиените прелиминарни сознанија за ликот и личноста на осуденото лице или на барање на осуденото лице со цел подобро остварување на воспитниот процес. Имајќи во предвид дека осуденото лице поретко контактира со воспитувачот отколку со затворска полиција воведени се

редовни задолжителни состаноци на двете служби за подигнување на нивото на ресоцијализација .

Покрај индивидуалните состаноци со осудените лица, вработените во секторот за ресоцијализација предвидено е редовно да одржуваат групни-заеднички состаноци со осудените лица.

Секторот за ресоцијализација е главен носител при организирање на слободното време на осудените лица. Во тој поглед се организираат низа активности во функција на ресоцијализацијата и поквалитетно исполнување на времето на осудените лица.

Покрај редовните состаноци со затворска полиција, вработените во секторот за ресоцијализација во организација на Директорот/заменик на затворот планирано е секој први понеделник од месецот да присуствуваат на заеднички состаноци-колегиум со сите сектори заради навремено информирање, размена на информации меѓу сектори и подобрување на севкупната работа на затворот.

*Редовните активности на вработените се одвиваат според месечен, седмичен и акционен план за дневни активности.*

- **Практична обука и едукација на осудени лица**

Во состав на секторот за ресоцијализација т.е одделение за третман работи инструктор за практична обука и едукација на осудени лица, односно инструктор по сточарство/свињарство,земјоделие занаетчиство.

Инструкторот по сточарство/свињарство,земјоделие работи со осудени лица поделени во двете гранки и тоа: одгледување на свињи/го и одгледување на земјоделски производи. Динамиката на работа се одвива според климатските услови. Затвор Струмица има вкупно 18 декари земјиште за обработка, а во фармата има просечно околу 8маторици 20-тина прасиња во текот на годината како и 1 крава женка која еднаш годишно е осеменувана за потомство.

***За 2026 година направен е план за садење и сеење на земјоделски производи и со потребни финансиски средства за истите.***

Оваа година ќе настојуваат да вклучат што повеќе осудени лица во работните активности околу земјоделски работи, работа на фармата и работа во автомеханичарската работилница со цел осудените лица да стекнат работни навики што понатаму ќе придонесе за подобра интеграција во општеството.

Затвор Струмица нема вработено лекар и мед. сестра, па здравствената заштита на осудените лица се одвива на начин што се ангажира лекар од надворешна здравствена организација ЈЗУ Здравствен дом Струмица . Во 2026 година предвидено е лекарските прегледи да се вршат секој четврток како и во приемните денови: 05-ти и 20-ви од месецот на начин што лекарот ќе доаѓа во затворот, додека по интервенција осудените лица ќе се носат на лекар или во ЈЗУ Општа болница-Струмица на специјалистички лекар. На ист начин им се овозможуваат и стоматолошки услуги на осудените лица.

Како еден од посериозните проблеми во поглед на здравството е проблемот со зависници од психотропни супстанци. За потемелно решавање на овој проблем потребно е вклучување на повеќе институции и здруженија на граѓани, бидејќи во моментов единствено решение е лекување со метадонска терапија, односно замена, што само по себе и не преставува некој посебен вид на лекување. За редовно добивање на метадонска терапија Затвор Струмица во 2025 година ќе ја продолжи соработката со Центарот за третман на зависници Св. Елисавета од Струмица.

Поради подобрување на здравствената состојба на сите осудени лица, вклучително и на зависниците, во соработка со медицински установи, здруженија на граѓани како и Црвениот крст предвидени се неколку предавања со здравствена содржина.

## 6. Затворска полиција

Затворска полиција  работи во смени од по 12 часа и тоа секоја смена има по 2-3 затворски полицајци. За 2026 година планирано е припадниците на Затворска полиција како што е погоре спомнато, редовно да присуствуваат на заеднички состаноци и задолжително на семинарите кои ги организира УИС.

Секојдневното одржување на редот и дисциплината во затворт се одвива согласно План за обезбедување по однапред договорен распоред на секојдневни активности, исполнување на редарства и сл.

Покрај подобрување на комуникацијата во 2026 година планирано е и континуирано стручно усовршување на вработените во секторот.

Во 2026 година планирано е секторот З.П да изведе гаѓање и тоа во месец мај и месец ноември во соработка со МВР, СВР Струмица како и двапати во годишно состаноци со цел надминување на сите предизвици .

***Исто така во тој сектор е предвидено голема набавка на безбедносни камери како и набавка на  метал за  детектор, радио станици, безбедноста во затворот ќе биде подигната на повисоко ниво, но потребата од вработување на нов персонал е приоритетно прашање на 2026година , како и дополнување на системот за мониторинг***.

Во текот на 2026 година планирана е реконструкција на дежуранaта како и изградба на вова просторија на долниот дел од кругот на установата со цел целосно заокружување на кругот .

Покрај тоа планирано е во текот на годината службата да врши како редовни така и вонредни , по наредба на директорот, претреси на просториите и физички претрес на осудените лица.

Затвосрката полиција како и досега, планирано е да ги исполнува своите работни обврски согласно ЗИС и правилниците за работа. Како и за останатите служби, така и за затвосрска полиција планирано е да ги посетува сите обуки и работилници предвидени од страна на УИС.

Припадниците на затворска полиција ќе бидат активно вклучени во процесот на ресоцијализација на осудените лица како вработени кои имаат најчести контаксти со осудените.

## 7. Одделение за општи и правни работи .

Моментално во одделението има вработено 3/три/ вработени на работни места: 2-ца занимање правник и 1 архивар . ги водат постапките за јавни набавки и решаваат останати прашања од економска природа.

Одделението функционира нормално и навремено ги обавува сите зададени задолженија и барања, како од страна на директорот, така и од страна на управата. Во текот на 2025 година планирани се јавни набавки од мала вредност и како поголема јавна набавка за храна кои ќе се спроведат согласно законските прописи и насоки дадени од Бирото за јавни набавки.

## 8. Одделение за финансиски прашања .

Моментално во одделението има вработено 3/три/ вработени наработни места 1 смектоводител 1 контрола на буџетски сретстрва и 1 магационер .

Одделението функционира нормално и навремено ги обавува сите зададени задолженија и барања, како од страна на директорот, така и од страна на управата.

## 9. Стопанско инструкторско одделение

Нема вработени во тој сектор .

## 10. Соработка со наворешни партнери

Соработката со надворешни партнери се одвива по вертикала со Министерството за правда преку Управата за извршување на санкции и по хоризонтала со судовите во Струмица, Штип, Кочани, Виница, Берово, Свети Николе,Радовиш и Делчево, со Народниот правобранител, со Центарот за социјална помош, ЈЗУ Општа болница Струмица, ОЈО, ГОКОГ, Министерство за внатрешни работи, и приватни здравствени организации,Здруженија на граѓани, претставници на верските заедници во Струмица

Затвор Струмица редовно и навремено ќе ги исполнува зададените задолженија од страна на Министерството за правда и УИС, редовно ќе доставува извештаи за реализираните активности и задолженија, ќе се консултира однапред за превземање било каква иницијатива или активност при несекојдневни случувања.

*Соработка со судови:*

- редовна  телефонска и писмена комуникација за решавање на тековни проблеми
- посети од страна на судии за извршување на санкции, предвидено е со писмена покана истите да извршат 2 посети во текот на годината
- известувања за состојбите во затворот
- Народен правобранител
- застапување пред судови во евентуален спор
- редовни посети од страна на Народниот правобранител
- советувања и комуникација при настанати евентуални проблеми
- *Центар за социјална помош*
- редовна комуникација
- овозможување на редовно пријавување или доставување на потврда за осудено лице за остварување на правото на социјална помош

- редовна комуникација и разрешување на проблеми околу стартелство на деца и др.
- *Здруженија на граѓани*
- Затвор Струмица ќе соработува со сите ЗГ кои ќе понудат проекти кои ќе придонесат за подобар третман на осудените лица во затворот и нивна ресоцијализација согласно Законот за извршување на санкции.
- *Верски заедници*
- Продолжува праксата за посета од страна на преставници на верските заедници за време на поголемите празници: Велигден, Божиќ, Курбан Бајрам и др.
- Индивидуални посети од страна на свештени лица во договор со директорот на затворот

## 11. План за тековни поправки и потреби за 2026 година

За 2026 година предвидени се следните гадежни работи:

- Реновирање на тоалетите комплетно
- Ѕидање на ѕид од предната страна во должина од 200 метри .
- Изградба на предна врата на влез на роба и стока
- Набавка на хардверска опрема комплетна
- Пренамена на магацински простор во кујна и трепезарија .
- Пренамена на постојната кујна со трепезарија во просторија за посети и просторија за слободни активности како и приењмно одделение .
- Доизградба на „параклис"-мала црква за задоволување на верски потреби по пат на сопствени сретства и донации.
- Изградба на нов пластеник со вкупна површина од 500м2
- Подигање на постоечките ѕидови од задната страна со бекатонсски блокови во висина од 1мтар .
- Варосување на сите спали соби како и канцелариите за работа .
- Доградба на пријавницата .
- Комплетно реновирање на дежурана со мебел и замена на дрвените прозорци .

***КПУ Затвор Струмица се соочува со сериозни и долгогодишно наталожени системски проблеми, кои директно го загрозуваат нормалното функционирање на установата. Пренатрупаноста на капацитетите, недоволната и дотраена логистичка инфраструктура (канализациска и водоводна мрежа, нестабилно напојување со електрична енергија), критичниот недостиг на кадар, како и хроничниот недостаток на финансиски средства, претставуваат сериозна пречка за законито, безбедно и ефикасно извршување на санкциите.***

***И покрај наведените ограничувања, со максимално ангажирање на сите расположливи човечки и финансиски ресурси, во текот на 2026 година ќе се преземаат активности за реализација на предвидената програма, но неопходна е итна и суштинска поддршка од надлежните институции, без која постои реален ризик од натамошно влошување на состојбата.***

***Директор на***
*КПУ ЗАТВОР СТРУМИЦА*
***Зоран Ристов***